РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АПЕЛАЦИОНЕН СУД
Су.бр.256/2022
07.03.2022 год.
ШТИП

Судскиот администратор, на Апелациониот суд Штип, Александар Парчеклиев, врз основа на член 36 од Законот за судска служба (Сл.весник бр.43/14, 98/15, 6/16, 198/18 и 248/18,), чл. 23 од Правилникот за систематизација на работните места во Апелационен суд Штип 0201Су.бр.1302/2018 од 21.12.2018 година, Правилник за изменување на правилникот за систематизација на работни места во Апелационен суд Штип Су.бр.954/20 од 25.11.2020 година, Согласноста на Министерството за финансии бр.18-10212/2 од 03.12.2021 година и обнова на согласноста на Министерството за финансии бр.18-382/2 од 09.02.2022 година, по спроведената постапка во врска со објавениот Јавен оглас бр. 1/21, за вработување на судски службеници, за работно место со звање Виш судски референт – координатор на техничка служба, категорија со ниво Г2 - 1 (еден) извршител, на неопределено време, а по доставениот Предлог на кандидат за вработување Су.бр.166/22-5 од 03.03.2022 година од страна на Комисијата за селекција за вработување, на ден 07.03.2022.година, ја донесе следната:

# О Д Л У К А

За избор на судски службеник

За работно место Координатор на техничка служба со звање Виш судски референт – категорија и ниво Г2, 1 (еден) извршител, на неопределено време, а по распишаниот јавен оглас бр. 1/2021, се избира кандидатот:

**Петар Алексов, ул Белградска бр. 8 Штип**

Решение за вработување со избраниот кандидат ќе се донесе по правосилноста на оваа одлука.

**О б р а з л о ж е н и е**

Од страна на Апелациониот суд Штип во дневните весници „Слободен печат" и ,,Коха" од 14.12.2021 година, објавен е Јавен оглас бр.1/2021 за вработување на судски службеник на непоределено време за работно место со звање Виш судски референт – координатор на техничка служба, категорија и ниво Г2", 1 (еден) извршител, а врз основа на добиена Согласноста на Министерството за финансии бр.18-10212/2 од 03.12.2021 година и обнова на согласноста на Министерството за финансии бр.18-382/2 од 09.02.2022 година

Со решение Су.бр.1173/21-5 од 20.12.2021 година од страна на Судскиот администратор формирана е комисија за селекција за вработување по распишаниот јавен оглас бр.1/21.

По спроведената постапка за вработување од страна на Комисијата за селекција за вработување, согласно Законот за судска служба и Правилникот за формата и содржината на јавниот оглас, формата, содржината и начинот на поднесување на пријавата, на спроведување на административната селекција,за испитите, проверката на веродостојноста на доказите и интервјуто, како и начинот на нивно бодирање и максималниот број на бодови од постапката за селекција во зависност од категориите на работните места, како и други прашања во врска со постапката за вработување на судски службеници„ (Службен весник на РМ бр.236/18 од 24.12.2018 година), на ден 04.02.2022 година до Судскиот администратор доставен е Предлог на кандидат за вработување Су.бр.166/22-5 од 03.03.2022 година, во кој е наведено дека за кандидат за вработување на неопределено време за работно место Координатор на техничка служба со звање Виш судски референт, еден извршител по јавниот оглас бр.1/21 се предлага Петар Алексов, ул Белградска бр. 8 Штип, Македонец, со шифра – АСШ302 кој бил најдобро рангиран кандидат - прв на ранг листата, со вкупно 77, 24 освоени бодови од сите фази на селекцијата.

Судскиот администратор имајќи го во предвид Предлог на кандидат за вработување Су.бр.166/22-5 од 03.03.2022 година, доставен од Комисијата за селекција за вработување, одлучи за работно место со звање Виш судски референт – Координатор на техничка служба, категорија и ниво Г2, на неопределено време, а по распишаниот јавен оглас бр. 1/21, да го избере кандидатот Петар Алексов од Штип, кој е најдобро рангиран кандидат со освоени 77,24 бодови во сите фази на селекцијата.

Поради горе наведеното Судскиот администратор, согласно член 36 од Законот за судска служба(Сл.весник бр.43/14, 98/15,6/16,198/18 и 248/18,) чл. 23 од Правилникот за систематизација на работните места во Апелационен суд Штип 0201Су.бр.1302/2018 од 21.12.2018 година, Правилник за изменување на правилникот за систематизација на работни места во Апелационен суд Штип Су.бр.954/20 од 25.11.2020 година, Согласноста на Министерството за финансии бр.18-10212/2 од 03.12.2021 година и обнова на согласноста на Министерството за финансии бр.18-382/2 од 09.02.2022 година, одлучи како во изреката на одлуката.

АПЕЛАЦИОНЕН СУД ШТИП
Судски администратор
Александар Парчеклиев с.р.

ПРАВНА ПОУКА: Против оваа одлука кандидатот кој не е избран има право на жалба во рок од 8 дена од приемот на одлуката за избор,преку Апелационен суд Штип до Советот на судска служба.